**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 0309-5
04.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Советот на етика во медиумите на Македонија**

**Предмет: Доставување на претставка**

**Врска: Наш УПП бр.0309-5 од 28.02.2024 година**

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и адуовизуелни медиумски услуги е доставена претставка во врска со објава на вест на порталот на Слободен Печат од новинарката со наслов „ВОЗНЕМИРУВАЧКО ВИДЕО – 15-годишно девојче среде Скопје брутално претепано од соученички, заврши со тешка повреда". Во претставката, подносителот укажува на изнесени „невистинити податоци во врска со овој случај со што е загрозен угледот и честа на сите инволвирани страни т.е семејствата на малолетниците во видео записот", како и дека за овој случај веќе се води судски спор пред надлежните органи, за што со објавувањето на видеото "се влијае негативно и пристрасно врз мислењето како на јавноста така и на сите инволвирани во случајот". Понатаму, подносителот бара „...да се постапи согласно правилата и нормите и истата новинарка да излезе со демант и да се го повлече видеото кое го споделила..." како и „...да истакне дека изнесените податоци се невистинити и непроверени...".

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја прегледа објавената содржина и видео записот, но имајќи предвид дека нема воспоставено надлежност над интернет порталот Слободен Печат, а со оглед дека претставката се однесува на почитувањето на професионалните стандарди, одлучи да ја препрати до Советот за етика во медиумите на Македонија – СЕММ, кој ја следи примената на професионалните стандарди во новинарското известување, а посочениот онлајн медиум е дел од регистарот на професионални онлајн медиуми, кои ги прифатиле облигаторните (минимум стандарди) и необлигаторните критериуми за членство во регистарот.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Прилог (1):

- Претставка од Александра Танеска (наш УПП бр.0309-6 од 28.02.2024)

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 28.02.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност Vlera: |
| УПП 0309 | 5 | | |

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

**Подносител – Име и презиме**

[redacted]

**Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број** (за доставување одговор)

[redacted]

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата** (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

**Слободен печат новинар** [redacted]

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

**10.02.2024 во континуитет**

**Опис**
(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

Почитувани,
Во врска со настан – видео запис во кои беа инволвирани малолетници, посочената новинарка [redacted] ;ротивзаконски го објави видеото со малолетниците во Слободен печат на ден 10.02.2024. Притоа изнесени се невистините податоци во врска со случајот со што е загорзен угледот и честа на сите инволвирани страни т.е семејства на малолетниците во видео записот.
Бараме да се постапи согласно правилата и нормите и истата новинарка да излезе со демант и да го повлече видеото кое го споделила. Воедно бараме да истакне дека изнесените податоци се невистинити и непроверени.
За овој случај се води судски спор пред надлежните органи каде со закон се заштитени малолетните лица а со самото дистрибуирање во јавност на видеото се попречува понатамошната судска постапка и се влијае негативно и пристрасно врз мислењето како на јавноста така и на сите инволвирани во случајот, со што се фаворизира само една засеганата страна.
Се надевам дека итно ќе постапите по овој случај бидејќи станува збор за деца – малолетни лица.

Во прилог линк видеото од порталот каде што се објави првично а потоа го превзедоа сите останати портали.

https://www.slobodenpecat.mk/voznemiruvachko-video-15-godishno-devojche-srede-skopje-brutalno-pretepano-od-souchenichki-zavrshi-so-teshki-povredi/

Датум и место на поднесување

Скопје, 27.02.2024

Ви благодариме!